## ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
# ,,НАУМ ОХРИДСКИ,,
## С. БУЛАЧАНИ - СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА
## 2021 / 2022 ГОДИНА








*Јули, 2022 ГОДИНА*
*СКОПЈЕ*

# И З В Е Ш Т А Ј

за работата и постигнатите резултати на крајот
од учебната 2021 / 2022 година

**Појдовни основи за изработка на извештајот**

Извештајот за работа на училиштето на крајот од учебната 2021/2022 година е изработен врз основа на реализираните активности планирани со Годишната програма за работа на училиштето, усвоена на седницата на Училишниот одбор на ден 28.07.2021 година.

**Услови за остварување на воспитно – образовната дејност во училиштето.**

**Опис, локација и опременост на објектот**

ООУ ,,Наум Охридски,, с. Булачани се наоѓа на падините на Скопска Црна Гора, Скопје. Во својот состав има две подрачни училишта во с. Црешево каде наставата е организирана за учениците од прво до деветто одделение, и с. Раштак каде има две комбинирани паралелки и тоа прво и второ одделение и трето и четврто одделение.
За непречено отпочнување на учебната година, навремено беа извршени подготовки, со цел да се задоволат потребите за организација на наставата.. Во трите училишни објекти беа целосно реорганизирани во начинот на работа и функционирање согласно протоколите и куќниот ред во училиштето. Во согласност со пропишаните протоколи обезбедени се дезинфекциони средсва, маски, набавени се нагледни средства и помагала согласно новата концепција за прво и четврто одделение и за потребите на наставата по другите наставни предмети. Исто така набавени се и 2 мултифункционални принтери за потребите на наставниот кадар. Се извррши санирање на постоечки ѕид од камена ѕидарија во училишниот двор кој е беше делимично обрушен , санација на постоечки потпорен кос бетонски ѕид и уредување на дел од училишниот двор со павер елементи. Се изврши уредување и реновирање на подрумската просторија во с. Булачани. Сите овие обновувања и набавки придонесоа за непречено започнување на учебната година во сосема сменети и оплеменети услови.

**Кадровски услови**

Кадарот во училиштето - заедно со подрачните училишта го сочинуваат:

- Директор - 1,
- Стручен соработник – психолог - 1,
- Стручен соработник – педагог – 1,
- Стручен соработник – специјален едукатор и рехабилитатор – 1
- Наставници во одделенска настава - 13

- Наставници во предметна настава - 19
- Административен персонал
  Секретар – 1
- Технички персонал
- Хаусмајстор – 1
- Градинар-1
- Хигиеничари - 5
  Вкупно вработени лица – 43

**Организација на воспитно – образовната дејност**

Оваа учебна година започна во изменети услови поради пандемијата со Ковид 19. Наставата започна на 01.09.2021 година по програма која е планирана за реализирање на настава со физичко присуство.Наставата со физичко присуство ја следат сите учениците од прво до деветто одделение. Родителите на учениците кои поднеле барање ја следат наставата од далечина. Согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година наставниот час во нашето училиште трае 40 минути во наставата со физичко присуство.

Училиштето работи во две смени од кои првата почнува во 8,00 часот. Учениците од прво и четврто одделение работат само прва смена согласно барањата по новата програма, додека учениците од второ до петто оделение се менуваат со учениците од шесто до деветто одделение на две смени на секои две недели. Втората смена започнува од 13,45 часот и завршува до завршување на часовите. Подрачното училиште во с. Црешево работи во две смени од кои првата почнува во 07,45 часот за учениците. Учениците од прво одделение работат само прва смена, додека учениците од второ до петто одделение се менуваат со учениците од шесто до девето одделение на две смени секои две недели. Втората смена започнува од 13,30 часот и завршува до завршување на часовите. Подрачното училиште во с. Раштак работи во една смена со почеток од 8,00 часот до завршување на наставата.

**Н А С Т А В А**

**Задолжителна настава**

По сите наставни предмети од I – IX одделение се реализирани сите планирани содржини по – предвидениот број часови и е извршено соодветно вреднување на знаењата на учениците од VII – IX одделение. Резултатите од вреднувањето на знаењата на учениците се прикажани во табеларните прегледи што се составен дел на овој извештај.

**Изборната настава** е застапена по предметите:

- Етика на религии во шесто а,б одделение,
- Танци и народни ора во седмо – а,б одделение,
- Проекти од ликовна уметност во осмо - а одделение
- Проекти од музичка уметност во осмо – б одделение,

- Истражување на родниот крај  во девето – а,б одделение,
Планираните содржини по изборните предмети се реализирани согласно наставниот план и програма, а знаењата на учениците се вреднувани.

Согласно наставниот план и програма за оваа учебна година, сите наставници се изјаснија дека предвидениот материјал за првото полугодие од учебната оваа година  е реализиран.

**Дополнителната настава** има задолжителен карактер и се организира за учениците кои имаат повремени потешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на знаењата и развивањето на способности по одредени наставни предмети. Диференцираниот пристап овозможува овие ученици да го совладаат она што го пропуштиле на што ќе се надградуваат идните знаења и умеења што ќе ги добијат во наставниот процес. За организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и правилна проценка за неговите развојни и особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др. Стручната служба активно учествува во реализацијата на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединечна, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на послабиот успех како негативност. Дополнителната настава се реализира согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година.

**Додатната настава** се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат повисоки резултати од останатите ученици и освен тоа пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Наставникот им нуди однапред подготвена програма за додатна настава на учениците, како соодветно проширување на редовната наставна програма која ја реализираат. Дополнителната настава се реализира согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година.

Оваа година поради пандемијата со Ковид 19, **продолжениот** престој во подрачното училиште во с. Црешево не се реализира.

**Бројна состојба на учениците**

Оваа учебна година во училиштето се опфатени вкупно 365 ученика распределени во 20 паралелки. Во училиштето во с. Булачани има 166 ученици, во ПООУ с. Црешево има 176 ученици и во ПООУ с. Раштак 23 ученици.

**Редовност на учениците**

На крајот на учебната година од вкупно 365 ученици со примерно поведение се сите ученици, со добро и со незадоволително поведение нема ниту еден ученик. Во овој период евидентирани се 620 оправдани изостаноци, а неоправдани се 2 или вкупно 622 изостаноци. Оправданото отсуство се однесува на учениците кои беа болни од вирози, настинки и сл.

**Успех на учениците**

Од вкупно 248 ученика од IV – IX одделение

| успех | број на ученици |
|---|---|
| одличен | 119 |
| многу добар | 103 |
| добар | 24 |
| доволен | 2 |
| со слаби оценки | 0 |

Среден успех од IV – IX одделение е **4,39**

Во табелите се прикажани статистичките податоци за успехот на учениците.

**Проекти на кои се работи во училиштето**

- Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем,
- Меѓуетничка интеграција во образовниот систем.
- Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта
- „Училишни градини – училница од иднината"
- Градиме заедничка иднина – Проект на МИО во Општина Гази Баба.

**Извештај за реализација на програмата „ Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во Р. Македонија" во ООУ Наум Охридски, Булачани на крајот од учебната 2021/2022 година**

Во текот на учебната 2021/2022 година во училиштето се реализираше програмата придржувајки се на протоколите за заштита од Ковид 19.

Од седумте чекори од програмата „Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во Р. Македонија" во училиштето се реализирани:

- Формирање на ЕКО- одбор
- Анализа на животната средина
- Изработка на План на активности
- План за поврзување со настаната програма

ЕКО- одборот има членови од наставниците, технички персонал, ученици, локалната самоуправа и представници од Совет на родители. Одборот состаноците ги одржува преку онлајн комуникација, на кои се дискутира за реализацијата на програмата и се одредуваат селдните активности.

Планот на активности опфаќа активности кои произлегоа од Анализа на животната средина.

Завршени активности од Планот на активности:

| Точки на акција | | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | **Санирање или** | Фирма избрана во тендерска | август - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **поставување на термо и хидро кровна изолација** | постапка направи замена на оштетената кровна конструкција , постави кровна узолација и лим на кровот на училишната зграда во с. Булачани. | септември |
| 2 | **Поставување на корпи за селекција на отпад** | Поставени се нови корпи за отпадоци во трите училишни дворови | септември |
| 3 | **Санирање или поставување на урбана опрема** | Во училишниот двор во с. Булачани поставени се клупи и маси за одмор на учениците, но истоте се користат и за изведување на наставни и вонпаставни активности. | септември |
| 4 | **Засадување на дрвја и хортикултурно уредување на дворот** | Засадени се цвеќиња во жардињерите во училишниот двор во с. Црешево | ноември |
| 5 | **Санирање или поставување на заштитна ограда** | Фирма избрана во тендерска постапка работи на санација на оштетената ограда и поставување на потпорен ѕид во училишниот двор во с. Булачани. | декември - јануари |
| 6 | **Поставување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија** | Одредување на местата на кои треба да се постават упатствата<br>Изработка на упатства од страна на учениците<br>Истакнување на упатствата<br>Изработка на флаери за енергетска ефикасност | февруари |
| 7 | **Засадување на дрвја и хортикултурно уредување на дворот** | Засадени се цвеќиња во жардињерите во училишниот двор во с. Црешево и с.Булачани | Март - април |
| 8 | **Поставување на упатства за селекција на отпад на видно место** | Одредување на местата на кои треба да се постават упатствата<br>Изработка на упатства од страна на учениците<br>Истакнување на упатствата | мај |
| 9 | **Формирање на еко-патроли кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација наовие активности** | Избирање на ученици кои ќе бидат членови на екопатролите<br>Запознавање со обврските кои ќе ги имаат во следење, надгледување и контролирање<br>Запознавање со содржината на формуларот за следење | септември |

Еколошки кампањи и акции кои се одржаа во текот на првото тромесечие се:

- Одбележување на 16 октомври Светски ден на храната со пораката "ТИ СИ ТОА ШТО ЈАДЕШ!",
- Учениците од прво до петто се вклучени во Проектот "ЕКО СОВЕСТ Е НАША ДОБЛЕСТ!"

- Учество на Наградниот конкурс под наслов- „БИДИ ФЕР, ПРАВИЛНО ФРЛАЈ СМЕТ“ добиена со освоени на прво и трето место.
- Активности во рамките на Проектот "Програма за унапредување на образованието за животна средина и климатски промени" во рамките на тесирање на активностите и експериментите во кои учествуваа учениците од прво до петто оделение во текот на месец декември 2021 и месец април 2022 година.

Наставниците редовно ги одржуваат часовите кои се имплементирани во сите девет еколошки теми во редовната настава и со учениците со примена на мерките за заштита од Ковид.

Во училиштето се применуваа сите мерки за заштита од Ковид 19, со редовна дезинфекција на рацете и чистење на просториите пред почетокот на часот и меѓу часовите.

Координатор на проектот,
Соња Рулеска

**Извештај од реализација на активнисти од проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието за крајот од учебната година**

Активностите кои се во насока на промоција на меѓуетничка интеграција во образованието, пред се, имаат цел да обезбедат можности за непосредна интеракција на учениците со различен културен идентитет. Овој вид активности овозможуваат децата да учат едни за други и едни од други. Преку запознавањето со различностите учениците всушност се зближуваат, дејствуваат и живеат заедно. Сето ова резултира со унапредување на меѓусебните односи и развивање на соработка и заедништво, а овие активности придонесуваат и за интензивирање на неформалната комуникација меѓу учениците надвор од училиштето. Но, во условите на Ковид 19 во кои се одвиваше наставата во учебната 2021/2022 година, заедничките активности со партнер училиштето изостанаа и се реализираа само заеднички активности во рамки на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанската вклученост на општина Гази Баба. Сите други активности се реализираа согласно на Програмата за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција која е дел од Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/2022 година (стр.356).

Активностите во рамки на училиштето опфаќаа реализација на онлајн-работилници кои Програмата за МИО ја поврзуваа со наставните програми и часовите за реализација на програмата за животни вештини која ја реализираа одделенските раководители (стр.368 од Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/2022 година). Целта на работилниците реализирани на овие часови е, пред сé, подигањето на свеста кај учениците за потребата и бенефитот од мултикултурната и маѓуетничка соработка во општеството.

Заедничките активности за МИО со ученици од други етнички заедници не беа реализирани во второ полугодие во склоп на заедничките активности планирани во стратегијата за МИО на општина Гази Баба (стр.358 од Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/2022 година).

Училишен координатор - Александра Величковска

Активностите кои ги планиравме во рамките на проектот **,,Намалување на насилството – како да се сменат нештата,,** одеа во насока да изградиме висок степен на толеранција, почитување и разбирање меѓу учениците.
Политиките кои ги планиравме се однесуваа на градење на реален став на училиштето против насилството за што беа запознаени сите субјекти во училиштето родители – старатели, вработени во училиштето и самите ученици. На сите субјекти им беа предочени видовите на насилство, како се манифестира и особено какви се последиците од истото.
Во наставата беа планирани активности со учениците за да се развие ненасилното однесување, да се препознае обидот за навлекување на насилство, начини на кои може да се решат конфликтите без насилство во било каков облик. Активностите во наставата се одвиваа преку реализирање работилници од образование за животни вештини во кои главни реализатори на активностите беа учениците кои имаа можност да се најдат во улога на двете спротиставени страни на насилник и жртва на насилство.
Секако битен момент во едукацијата беше и како да се помогне на жртвите на насилство.Сметаме дека е допрено до свеста на учениците за прифаќање на ненасилно однесување.

Проектот ,,**Заедничка грижа за правилно насочување на учениците,,** има за цел да ја зајакне врската ,,родител – ученик – наставник,,. Зајакнувањето на оваа врска ќе овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес.Овој проект предвидува целта да се постигне преку заеднички активности во училиштето, односно преку организирање на спортски, културни, забавни и едукативни активности во кои покрај учениците ќе земат учество и наставниците и родителите. Предвидените активностите ќе се реализираат во вид на отворени денови или викенди исполнети со соодветни настани. Во планот на активности се опфатени спортски натпревари помеѓу екипи составени од наставници, ученици и родители, организирање на музички настани, еколошки денови, организирање на базари по повод одредени празници, заеднички посети на национални музеи, галерии, фестивали и др. Поради новонастанатата ситуација со пандемијата со Ковид 19 дел од активностите не се реализирани. Во текот на првото полугодие реализирани се следните активности:
01.09.2021 – пригодна програма по повод приемот на првачињата,
05.10.2021 - Приредба по повод приемот на првачињата во Детската Организација,
15.10 – 15.11.2021 – месец на книгата,
Реализирани родителски средби - одд. настава

03.09.2021, 05.11.2021, 20.11.2021, 18.01.2022, 07.04.2022, 01.06.2022. 14.06.2022 година.
Реализирани родителски средби - предметна настава.
06.09.2021, 09.11.2021, 18.01.2022, 08.04.2022, 01.06.2022, 14.06.2022 година.

**Годишен извештај Антикорупциска едукација на учениците**

Од спроведена активност за Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта 2021/2022. На оваа средба се изработи Акционен план за Антикорупција. Пред изработка на планот се разгледаа активности кои се планира да се спроведат за успешна реализација на проектот за Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта. Планот е изработен врз основа на претходен меѓусебен договор со одделенските и предметните наставници. За да спроведат успешно активностите може да се земат ресурси од Веб страна на Државната комисија за спречување на корупција и да се испочитува Програма и прирачник за антикорупциска едукација. Според Акциониот план се отчекува успешно реализирање на овии активности од страна на наставниците и учениците. Активностите ќе се спроведуваат според предвидените месечни средби со вработените и учениците. Се надеваме дека во текот на учебната 2021/2022 година успешно ќе се спроведат и ќе се реализираат активностите. За сите непознати нешта ќе побараме помош од стручни лица за оваа област.

**Одговорни наставници:**
**Златка Панчевска**
**Љупка Богдановска**
**Александра Величковска**

**Проект Училишни градини- училница од иднината**

Од Учебната 2019/2020 година нашето училиште се вклучи во проектот **„Училишни градини – училница од иднината“** во соработка со SLOW FOOD Што се однесува до реализација на содржините предвидени со програмата од проектот „Училишна градина“ , можам да кажам дека истите во целост се реализирани.

Во септември беше планирана и реализирана содржината „Од лист до лист“ со учениците од V –то одделение, одделенски наставник и активистите на Slow Food Vodno, по предметот Македонски јазик. Целта беше практикување на опишување на материјали кои се наоѓаат во природата, стимулирање на концентрација, набљудување, координација како и развивање и обучување на перцепцијата на сетилата, разликување и препознавање форми и текстури. По реализацијата на оваа содржина на задоволство на сите, беше организирана мала изложба на која можеа да се видат слики со пејзажи, животни, ликови, птици направени од листови.

Во месец септември беше реализирана уште една содржина „Фотосинтеза – светлината како фактор“. Реализатори беа учениците од IX – то одделение, наставникот по биологија и активистите на Slow Food Vodno. Цел на оваа содржина беше да се разбере значењето на фотосинтезата, да се изучат факторите од кои зависи фотосинтезата, да се разбере значењето на светлината и нејзината улога.

Следната планирана содржина „Улогата на пчелите во градината“ е реализирана со учениците од III –то одделение, одделенскиот наставник, а воедно и одговорен за проектот, Снеже Ангеловска и пчелар. Целта на содржината беше да се разбере улогата на пчелите во процесот на опрашување, да се запознаат со важноста на пчелитево зачувување на биодиверзитетот и богатството на храна во градината, да се утврди кои фактори влијаат на зачувувањето на пчелите во градината.Пред почетокот на планираните активности, учениците накратко беа запознаени со пчелите и нивното одгледување. Знаењето и искуството со пчелите им го пренесе пчелар од месното население. Потоа, спроведувањето на активностите во училишниот двор и блиската градина во однос на визуелно набљудување на световите и засадените култури и пчелите кои ги посетуваат, предизвика голем интерес и задоволство кај сите ученици. На крајот за жал, мораше да се напоменат и мерките за заштита на пчелите поради глобалниот проблем и угинувањето на пчелите, а со тоа намалување на колониите и факторите кои придонесуваат за тоа (употреба на пестициди и други хемиски средства, климатските промени, болестите и паразитите). Активноста заврши со изработка на листа на култури чие опрашување зависи од пчелите и дегустација на производот од пчелите.

Последната содржина „Запознајте се одблиску“ беше реализирана на часот по Физичко и здравствено образование со учениците од IV – то одделение и одделенскиот наставник. Целта на оваа содржина е да се запознаат со некои комбинации на растенија за здружено одгледување односно меѓу посев.

Поради градежни работи во училишниот двор практичниот дел немаше услови да се реализира.

**Одговорен наставник - Снежа Ангеловска**

## Извештај со активности од реализитаниот Отворен ден за Граѓанско образование

На ден **28.12.2021** година учениците од ООУ„Наум Охридски“ с.Булачани, Скопје го одбележаа ***Отворениот ден за Граѓанско образование*** каде се презентираа ученичките иницијативи со цел зајакнување на демократската клима во училиштето, поттикнување на одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и зајакнување на нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена. Промените се видливи а ние чекориме по патот на успехот.

Во видеото кое Ви е во прилог ќе имате можност да проследите многу креативни презентации.

https://youtu.be/h1diavaGbCk

Сите иницијативи се поттикнати  од страна на учениците кои се вклучени во рамките на училишниот парламент, и се вклучени сите ученици од централното и подрачните училишта (активно и пасивно). Активностите се реализирани во соработка со училиштето, општината и бизнис секторот.
Во координација  на активностите се вклучени петмина наставници.
Вклучен е комбиниран приод (активности со физичко присуство и комуникација преку дигитални алатки).

Сите активности може да се  проследат на официјалната веб страната на нашето училиште и на официјалната facebook страна.

**Во рамките на иницијативите учениците спроведоа повеќе активности:**

- ***Хуманитарна акција за собирање финансиски средства и електронски уреди во време на ковид***

**Хуманитарна акција за собирање на финансиски стедства и електронски уреди во време на Ковид-19.**

Средствата се собираа во централното и подрачното училиште преку соодветно поставена кутија за донации во холот на училишните згради и преку ученик кој беше назначен  да поминува со кутија за донации помеѓу учениците. Во оваа активност учествуваа учениците, родителите, наставниците и раководството на училиштето. Родителите  најавено и организирано доаѓаа во училиштето според протоколите за Ковид-19. Кутијата за донации беше отворена за донирање 15 работни дена. Собраните средства беа пребровени од раководството во присуство на наставници, и беа предадени од страна на училишни претставници.

Покрај оваа иницијатива во училиштето се прифати и спроведе акција за доделување на електронски уреди – компјутери од страна на директорот и еден одделенски наставник.







- ***Учениците спроведоа различни активности за разубавување на училишните ходници, двор и подобрување на нивната функционалност во трите училишни згради :***

Есенско украсување на училишните ходници;









- Есенско хортикултурно уредување и засадување на преубави есенски цвеќиња ( љубичици и хризентеми ) во училишниот двор. Под мотото ***,,Засади цвет за поубав свет,,***











Работилница под мотото ***„Засади ја твојата зеленчукова градина“***







- ***Активнист по повод Светски ден на храната***

Активност по повод Светски ден на храната под мотото ***"ТИ СИ ТОА ШТО ЈАДЕШ"***



- ***Во соработка со општината и бизнис секторот во училиштето беше отворена сензорна соба***




- ***Активност по повод** 3-ти Ноември, патрониот празник на оштината! **По повод 45 години од формирањето на Општина Гази Баба, ви претставуваме неколку интересни факти за нашата општина!***




- ***По повод** денот на Општината 3 Ноември**, во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба и Федерацијата за училишен спорт на Македонија, во спортската сала Методија***

***Андонов - Ченто се оддржа турнир во футсал (машки). Нашите ученици освоија 2-ро место.***

По повод ***денот на Општината 3 Ноември***, во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба и Федерацијата за училишен спорт на Македонија, во спортската сала Методија Андонов - Ченто се оддржа турнир во футсал (машки). Нашите ученици освоија 2-ро место.







- ***По повод месецот на книгата наш гостин беше писателот Денис Бојаров автор на книгата „Нека играат децата“.***

По повод ***месецот на книгата*** наш гостин беше писателот Денис Бојаров автор на книгата „Нека играат децата“. Прва книга на Бојаров претставува збирка раскази наменета за различни возрасни категории, која обработува социолошки, психолошки и филозофски теми поврзани со децата, семејството, но и со човекот воопшто. Водечкиот расказ „Нека играат децата“ освои награда за „Најдобар расказ“ на Меѓународната манифестација „Планетопија“ 2019 година. Добитник е на низа награди за литературни творби.

Учениците креативни, посветени и трудољубиви поминаа еден прекрасен ден со писателот Денис Бојаров.










- Активности по повод ***13ти Ноември, ден на ослободување на нашето Скопје.***

Активности по повод ***13-ти Ноември, ден на ослободување на нашето Скопје.*** Сите негови убавини пресликани во овие детски творби!








- ***По повод Денот на професорите по француски јазик 🇫🇷, во нашето училиште се одржа работилница за Ајфелова кула, на која се слушаше француска музика, се проследија интереси факти за кулата и се изработуваа мини Ајфелови кули!***

По повод **Денот на професорите по француски јазик**, во нашето училиште се одржа работилница за Ајфелова кула, на која се слушаше француска музика, се проследија интереси факти за кулата и се изработуваа мини Ајфелови кули!









- ***ЕКО СОВЕСТ Е НАША ДОБЛЕСТ!***

Малите истражувачи, учениците од I до V одделение од ООУ " Наум Охридски" преку експерименти ја развиваат својата еколошка свест.













- *Активност по повод **"Недела на отпад"** во рамките на кампањата за развој на еколошката свест, под мотото **"ЕКО СОВЕСТ Е НАШАТА ДОБЛЕСТ".** Активност подржана од страна на Еко Логик, спроведена од УНИЦЕФ со финансиска подршка на Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА)*




- По иницијатива на учениците од Ученичкиот парламент се објави ***конкурс за изработка на литературни и ликовни творби во чест на патрониот празник на нашето училиште Наум Охридски***. Врз основа на таа иницијатива се создаде ***книга „ЧУДОТВОРЕЦОТ НАУМ – ЗБОРОВНИ БРАНОВИ НА СВЕТЛАТА МИСЛА“.***





Чудотворецот Наум - зборовни бранови на светлата мисла

**Песна за Наум Охридски**

Се родил во Охрид пред многу лета
предодреден бил за мисија света.
Народ тој учел, народ намачен и беден
но, за знаење и ука секогаш жеден.

Азбука напишал за нас
азбука создал не просветлил нас.
Учел за писменоста што верата ја враќа
учители му биле словенските браќа.

Денес камбаната за тебе бие
твоето име го славиме ние!

**Димитар Божиновски V-б одд.**
**Ментор: Соња Апостоловска-Трајковска**
14

Чудотворецот Наум - зборовни бранови на светлата мисла

**СВ.Наум Охридски**

Наум Охридски, писател, учител
основоположник на словенската
и македонската писменост ,
сето тоа е СВ.Наум Чудотворец.

Како послушен ученик
на Кирил и Методиј
учествувал во Моравската мисија
и е заслужен за ширење
на христијанството насекаде.

А освен описменување
на болни и немоќни им помагал
чудотворно ги оздравувал,
и на прав пат ги упатувал.

Патронен празник славиме
голема чест и благодарност
на нашиот Наум му оддаваме.

**Марија Трајковска 9а одделение**
**Ментор: Златка Панчевска**
15

Чудотворецот Наум - зборовни бранови на светлата мисла

**Песна за Св. Наум Охридски**

Св. Наум Охридски
ученик на светите
Кирил и Методиј
бил тој.

Во нашиот убав Охрид
манастир негов имаме
и со задоволство
сите го посетуваме.

И моето училиште
Св. Наум Охридски
се вика,во него
учиме и другаруваме
со моите другарчиња.

**Димитар Спасовски V-б**
**Ментор: Соња Апостоловска-Трајковска**
16

Чудотворецот Наум - зборовни бранови на светлата мисла

**Нашиот патрон**

Нашиот патрон Наум се вика
белокос старец со преубава лика.
Ученик на Кирил и Методиј
писател,книжевник,хуманист.

Живеел во Охрид пред многу лета
предодреден бил за мисија света.
Учел за писменоста што верата ја враќа
учители му биле светите браќа.

За ширел писменоста и јазикот како светлина во ноќ
да учи и да твори тој имал моќ.

Соработник на Климент
учесник во Охридската книжевна школа.
Пријател на народот,
културата,јазикот ,традицијата.

Нашиот патрон е нашата моќ
тој ни буди светлост како светилка во ноќ.

**Мартина Богдановска VIII а одд.**
**Ментор: Златка Панчевска**
17

Чудотворецот Наум - зборовни бранови на светлата мисла

Гордоста на нашиот народ
Наум тој се вика
Неговото име е наша слика.
И нашето училиште вака се вика
Сите ние се гордееме со тоа име
Јас,моето одделение дури и мојот помал брат Диме.

Ние во нашето училиште си немаме мака
секој го постигнува она што го сака.
Секој ден дознавам по нешто ново за нашиот патрон
Ги дознавам неговите моќи,
а размислувам и за неговите непроспиени ноќи.

Сакал да не научи како правилно да пишуваме
Да читаме,учиме ,толкуваме.
Неговото писмо е наш сон
Градот Охрид е негов дом.

Сите се гордееме со нашиот херој,
Тој е гордост на сите нас.
Создаде писмо и иднина
Словенски јазик за сите вас.

**Јоцо Богдановски VI а одд.**
**Ментор: Златка Панчевска**
18

Чудотворецот Наум - зборовни бранови на светлата мисла

**Св. Наум Охридски**

Богатството во твоите очи не вредело.
Ти, светителу родното место заради мисија си го оставил.
За да станеш ученик на твоите учители Кирил и Методиј.
Така ти и твоите браќа голем пат сте изоделе за да го учите
народот мизиски и далматски.
Од мака сте се потеле но, исправено патот сте го врвеле.

Ти во Бога си поверувал.
Неговите чуда во твоите очи големо значење имале.
Светителу -ти големите искушенија си ги поминал.
И ,тогаш кога ти и проповедниците
сте биле фрлени во темнината
вашите молитви Господ ги слушнал
тој народ чудото го видел ,
па од страв нивната вилицата затреперила.

Твоите мисии не те измориле.
Повторно ти беше тој кој и во манастирот Пантелејмон
проповедаше.
Па ,и затоа беше назначен за учител.
Твојата труд на земјата се лееше
твоите раце манастир изградил
Па, и затоа од нашите мисли не можеш да излезеш.

**Евгенија Зафирова VIIIб одд.**
**Ментор: Љупка Богдановска**
19

- Активност во духот на новогодишните празници. Иницијатива поттикната од Ученичкиот парламент а преточена во креативни изработки и украсено училиште во амбиент на новогодишна бајка.

Активност во духот на новогодишните празници. Иницијатива поттикната од Ученичкиот парламент а преточена во креативни изработки и украсено училиште во амбиент на новогодишна бајка.




- Врз основа на оваа иницијатива нашето училиште беше прогласено за НАЈУБАВО НАКИТЕНО УЧИЛИШТЕ на ниво на општина Гази Баба за 2021 г.!

Благодарност до градоначалникот Бобан Стефковски за наградите и новогодишните пакетчиња за учениците!









**Отворена сцена -Театар Чекори**

Под покровителство на Општина Гази Баба изминатиов период во просториите на Домот на култура Димитар Влахов во Автокоманда, Отворена сцена -Театар Чекори организираше детска театарска работилница. Дел од нашите ученици земаа активно учество во работилниците на кратките едночинки и нивна презентација. Целта беше учениците да се запознаат со сите сегменти од театарското работење, да се едуцират на тема театарска педагогија, да играат учејќи и да учат играјќи.









**Вон - наставни активности**

Преку ова подрачје на учениците им се дава можност за развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за побрз физички и интелектуален развој. Тоа е подрачје во кое пред учениците се експонира вистинскиот живот во кој по завршувањето на основното училиште поактивно ќе се вклучат. Планираните активности во годишната програма се реализирани. Дел од активностите на секциите се:

01.09.2021 – пригодна програма по повод приемот на првачињата,

05.09.2021 - Приредба по повод приемот на првачињата во Детската Организација,

15.10 – 15.11.2021 – месец на книгата,

Во текот на учебната година во рамките на вонаставните активности се реализираа работилници со учениците од I-IX одделение за личен, социоемоционален и психолошки развој на учениците.

- 24.09.2021 година, учениците од VIIа и VIIIа одделение при ООУ ,,Наум Охридски" општина Гази Баба, под раководство на наставникот по физичко и здравствено образование Ивица Петрушевски учествуваа во проектот ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА СПОРТОТ во организација на Националната федерација Спорт за сите и Агенцијата за млади и спорт на Македонија, под мотото водење грижа за здрав живот на секоја индивидуа
- 19.11.2021 година, учениците од VIб одделение при ООУ ,,Наум Охридски" општина Гази Баба, под раководство на наставникот по физичко и здравствено образование Ивица Петрушевски учествуваа во проектот „ДВИЖИ СЕ ВО ПРИРОДА“ во организација на Националната федерација Спорт за сите, Агенцијата за млади и спорт на Македонија и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.
- 02.12.2021 година, учениците од VIIб и IIIб одделение при ООУ ,,Наум Охридски" општина Гази Баба, под раководство на наставниците по физичко и здравствено образование Ивица Петрушевски и Ненад Рајковчевски учествуваа во проектот „ДАЛИ ИГРАТА ИМА ГРАНИЦИ“ во организација на Националната федерација Спорт за сите, Агенцијата за млади и спорт на Македонија и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, преку изведување на шафетни игри.
- 13.12.2021 г. во зона Исток - Скопје во спортската сала "Гоце Делчев" населба Илинден се одиграа меѓуопштински натпревари во футсал - девојчиња за VIII и IX одделение при што нашето училиште го освои **II место** .
- 15.12.2021 г. во зона Исток - Скопје во спортската сала "Методија Андонов Ченто" при ООУ"Наум Наумовски - Борче" се одиграа меѓуопштински натпревари во Ракомет - девојчиња за VIII и IX одделение при што нашето училиште го освои **IV место.**
- 31.05.2022 г. во зона Исток - Скопје во спортската сала "Методија Андонов Ченто" при ООУ"Наум Наумовски - Борче" се одиграа меѓуопштински натпревари во Кошарка - девојчиња за VI и VII одделение при што нашето училиште го освои IV место

- 20.05.2022 година, учениците од VIa и IIIa одделение при ООУ ,,Наум Охридски" општина Гази Баба, под раководство на наставниците по физичко и здравствено образование Ивица Петрушевски и Ненад Рајковчевски учествуваа во проектот „АКТИВНОСТИ ВО ПРИРОДА“ во организација на Националната федерација Спорт за сите, Агенцијата за млади и спорт на Македонија и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, преку реализација на планинарска тура.
- 26.05.2022 година, учениците од VIб и IIIб одделение при ООУ ,,Наум Охридски" општина Гази Баба, под раководство на наставниците по физичко и здравствено образование Ивица Петрушевски и Ненад Рајковчевски учествуваа во проектот „НЕДЕЛА НА ДВИЖЕЊЕ“ во организација на Националната федерација Спорт за сите, Агенцијата за млади и спорт на Македонија и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, преку изведување на штафетни игри.

**Учеството на натпревари**

- 02.11.2021 год. во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со СУС Скопски регион и ФУСМ се одиграа општински училишни квалификациски натпревари во футсал - машки, на кој зеде учество и нашето училиште и го освои **II место**.
- 16.11.2021 год. во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со СУС Скопски регион и ФУСМ се одиграа општински училишни квалификациски натпревари во Кошарка - девојчиња, на кој зеде учество и нашето училиште.
- 26.11.2021 год. во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со СУС Скопски регион и ФУСМ се одиграа општински училишни квалификациски натпревари во футсал - девојчиња, на кој зеде учество и нашето училиште и го освои **I место** и стекна учество на зонско натпреварување.
- 24.11.2021 год. во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со СУС Скопски регион и ФУСМ се одиграа општински училишни квалификациски натпревари во Ракомет - девојчиња, на кој зеде учество и нашето училиште и го освои **III место** и стекна учество на зонско натпреварување.
- 13.12.2021 г. во зона Исток - Скопје во спортската сала "Гоце Делчев" населба Илинден се одиграа меѓуопштински натпревари во футсал - девојчиња за VIII и IX одделение при што нашето училиште го освои **II место** .
- 15.12.2021 г. во зона Исток - Скопје во спортската сала "Методија Андонов Ченто" при ООУ"Наум Наумовски - Борче" се одиграа меѓуопштински натпревари во Ракомет - девојчиња за VIII и IX одделение при што нашето училиште го освои **IV место.**
- Македонско географско друштво – натпревар на општинско, државно и регионално ниво:
- натпревар на општинско со освоени 3 први места, 5 втори места, 3 трети места.
- натпревар на регионално ниво со освоени 3 први места, 4 втори места, 1 трето место.
- државно ниво со освоено 1 трето место.

-натпревар по ликовно образование со освоено 2 место на меѓународен натпревар,
-натпревар по ликовно образование – републичка ликовна изложба – со освоено 1 место,
-натпревар по математика со освоено 2 трети места на општинско ниво,
-натпревар по самостоен труд по македонски јазик со освоено 1 место,
-натпревар по природни науки со освоено1, 2 и три 3 места на општински натпревар, две 2 места на регионален натпревар, и едно 2 место на државен натпревар,
-натпревар по биологија со освоено 2 место на регионален натпревар и 3 место на државен натпревар,
-натпревар по географија со освоено 1 место на општински натпревар,
-натпревар скок во далечина со освоено едно 1 место,
-натпревар во трчање на 300 м. Едно 2 и едно 3 место,
-натпревар во пинг-понг со освоено едно 2 место,

**Производствена и друга општествено – корисна работа**

Целта на овој вид ,,работа,, е да се развива позитивен однос кон работата воопшто, да се негува почит кон работниот човек, средствата за производство, да се придонесува за правилно сваќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот.

Во текот на полугодието беа спроведени следниве акции:
- Естетско уредување на училиштето и училишниот двор,
- Изработка на новогодишни украси,
- Украсување на училниците и ходниците во чест на Нова година.
- украсување на училиштата за осми март,
- украсување на училиштата за денот на пролетта,

**Ученички организации**

Планираните активности на детската организација за овој период се реализирани.Членовите на организацијата беа вклучени во одбележувањето на значајни настани и празници ( Денот на независноста и самостојноста на РСМакедонија, Детската недела, Светскиот ден на мирот, 11 Октомври, 24 Октомври – денот на ОН, Денот на толеранцијата, Прием на првачиња во ПЦК ).

**Активности од детската организација**

Нашето училиште и покрај пандемијата со Ковид 19 и оваа година учествуваше на однапред планирани активности за развој на психофизичкиот, емоционален и друштвен развој за подобро прилагодување и поуспешна настава кај најмладите ученици првачињата.

- На почетокот на годината септември 2021 со пригодна програма,во училишниот двор,со почитување на сите мерки за заштита од Ковид 19, се реализираше приемна приредба во чест на првачињата изведена од страна на

учениците од другите одделенија. Со тоа се поттикна ведро расположение кај првачињата.

- паралелно на тоа беа избрани членови на детската организација од страна на учениците.

- Во месецот на децата Октомври 2021 и неделата на сите деца во светот со посебна чест првачињата (со посебна пригодна претстава и почитување на мерките за заштита од Ковид 19)влегоа во Детската организација . Првачињата се почувствуваа дека припаѓаат и се дел од целата група на ученици во која нивните права секогаш ќе бидат почитувани. Сите активности беа изведени под мотото ,,Јас избирам здравје,а ти? “

- Во месец Ноември 2021 беше изведена акција ,,Како да му помогнам на моето другарче ,, -будење на хуманитарна свест кај учениците. Учениците и наставниците собираа парични средства за семејство кое доживеа несреќа- пожар во куќата и притоа со неколкукратни разговори и објаснувања се разви поголема хумана свест и сфатија дека подавањето помош на немоќните не прави поголеми личности и со тоа придонесуваме за поголем развој на поуспешно општество.

На почетокот од месец Март 2022 год. во пресрет на Меѓународниот ден на жената беа организирани креативни работилници со учениците за изработка на честитки,литературни и ликовни творби, со што учениците се стекнаа повторно со чувство на припадност и негување на својата традиција и дружење.

-Стручна помош при изготвување на програми за вонннаставни активности и учество во организација и реализација на дел од вонннаставните активности

**3. Работа со родители**

-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето , проблеми со редовноста и дисциплината
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби
-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми

**4. Соработка со заедницата**

-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на СРМакедонија...)

-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;

-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

**5. Професионален развој и професионална соработка**

-Изготвување личен план за професионален развој

-Учество во размена на искуства преку активно учество во Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје “Современ педагог”

-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература

-Учество на онлај работилници;

-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;

-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците

-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

-Помош при изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот во првото тромесечие и полугодие.

-Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава

- Изготвување на полугодишен извештај за работата на училиштето

**7. Училишна структура, организација и клима**

-Следење на работата од проектите“ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и “Меѓуетничка интеграција во образованието“

-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар

-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови)

-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците

-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната,додатната и дополнителната настава

-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности

-Следење на постапките на оценување на учениците

-Следење на успехот и редовноста на учениците

-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности

-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците

-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;
-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и превенирање на случаи на дискриминација во училиштето

**8.Сопствена евиденција и документација**

-Изготвена годишна програма за сопствената работа;
-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини
-Водење хронолошки дневник за работа
-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница
-Водење педагошки картон за работата на наставниците
-Водење професионално досие на наставниците
-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа

**Активности на библиотекарот - медијатека**

Во текот на учебната година беа реализирани сите активности,задачи и содржини кои беа предвивдени со годишната програма на библиотеката за таа учебна год.

1. Воспитно – образовна работа со учениците;
2. Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите;
3. Културна и јавна дејност;
4. Библиотечно – информативна и стручна работа;

Беа остварените поставените цели:
- Учениците се оспособуваа за самостојна работа, самообразование и се подготвуваа за перманентно образование;
- Учениците научија како самостојно да користат извори на знаења, да консултираат речници, енциклопедии, лексикони и друг информативен материјал;
- Развиваа култура на читање, творечките потенцијали, критички и самокритички однос ;
- Учениците се поттикнуваа за поактивно учество во културната и јавна дејност на училиштето и општествената средина;
- Беше организирано планско и системско обезбедување на бесплатни учебници и обнова на книжниот фонд;
- Континуирано и системски беше водена пропишаната евиденција, документација, ревизија и заштита на библиотечниот материјал;
- Редовно беше остварувана соработка со наставниците, стручните соработници и родителите како и другите училишни библиотеки на ниво на град Скопје.

Август - септември
Уредување на библиотеката. Изложба на мудри мисли и креации со книги за почеток на учебната година.
Реализација на акцијата со бесплатните учебници од МОН-потпечатување и делење на новодобиените учебници
Формирање на нова библиотекарска секција со ученици од 6 и 7 одделение.

Активности со учениците од библиотекарската секција
Одбележување на празникот 8 Септември
Уредување на инвентарна книга и подготовка за Електронска библиотека
Припреми за учество на натпреварот „Млади библиотекари“ во Градска библиотека „Браќа Миладиновци“
октомври
Одбележување на празникот 11 Октомври
Учество на натпреварот „Млади библиотекари“ во Градска библиотека „Браќа Миладиновци“
Средба со библиотекарите од др.училишта на ниво на град Скопје
Посети
Одбележување на празникот 23 Октомври
Активности со учениците од библиотекарската секција.
Документација за акцијата со бесплатните учебници од МОН.
Инвентарна книга – библиотечна дејност, уредување.
Одбележување на месецот на книгата со литературно читање на ученички творби
Уредување на библ.пано со ученички творби по повод месецот на книгата
Ноември
Одбележување на роденденот на нашата општина Гази Баба
Збогатување на книжниот фонд-нарачка на стручна литература (атласи,енциклопедии,глобус,хамери)од П.Дело
Посета на библиотеката од првачињата со нивните наставнички
Уредување и класификација на учебниците од акцијата на МОН – магацин.
Документација за библиотекарство и библиотечна дејност.
Активности со учениците од библиотекарската секција
декември
Уредување на картотеката на членови во училишната библиотека.
Библиотекарска секција – часови по библиотекарство и креативни активности.
Посета на библиотеката од прво одделение со нивната наставничка
Одбележување на празникот Св.Климент Охридски
Изготвување на полугодишен извештај
Новогодишни активности со членовите од секцијата
Попис на библиотечниот фонд и отпис на оштетени и нецелосни книги.
Јануари – февруари
Посета на учениците.на училишн.библиотека-разговор за задачите на библиотеката и библ.секција
Активности со учениците од библиотекарската секција
Март
Развоен план за библиотеката – приоритети, можности за надополнување на книжниот фонд
Одбележување на празникот 8 Март-избор на најубава песна за мајката
Одбележување на доаѓањето на пролетта со ученички литературни и ликовни творби

Уредување на магацинот со учебници и пресметки за тековните електронски апликации и нарачка на бесплатните учебници од МОН.
Библиотекарска секција – часови за библиотекарството и учење на стандардните класификации.
Април
Почеток на акцијата со бесплатните учебници од МОН.
Одбележување на светскиот ден на детската книга 2 Април-активности со првачињата
Донирање на лектирни изданија од ученици
Активности со ученици од 4 одд.
Награден литературен конкурс
Посета на САЕМОТ на книгата – список на книги за набавка во училишната библиотека.
Активности со учениците од библиотекарската секција
Мај
Спроведување на акцијата со бесплатните учебници од МОН.
Посета на САЕМОТ на книгата – список на книги за набавка во училишната библиотека.
Активности со учениците од библиотекарската секција
ИКТ- во класификацијата на книжниот фонд, стручна обработка и електронско внесување на книгите од училишната програма според стандардизирани правилници за библиотеки.
Јуни – јули
Спроведување на акцијата со учебниците од МОН, примопредавање, комисија за учебници, отпис на оштетени и плаќање на изгубените учебници.
Раздолжување на книгите од страна на членовите на училишната библиотека.
Доделување на дипломи и книги за најзаслужните ученици од училиштето
Издавање на комплет-лектири за летниот распуст на учениците од 1 до 9 одделение.
Класификација на документација за библиотеки и библиотечно работење.
Уредување на библиотеката, чистење и заштита на книгите.
На крајот на учебната год бројната состојба на книжниот фонд со кој располага нашата библиотека е следнава:
Библиотеката е подредена по азбучен ред, лектири по одд, странски и домашни автори, проза и поезија, белетристика и стручна литература.
Библиотекарската секција се состануваше 1 до 2 пати неделно.Членовите учествуваа на конкурси, натпревари, организираа литературни читања, посетуваа саеми и др.библиотеки и помагаа околу грижата за книжниот фонд во библиотеката.
Библиотеката работеше според дадена годишна програма одобрена и заверена од директорот на училиштето.

Библиотекар:Златка Панчевска



**Преглед на работата на директорот**

Со својата работа директорот на училиштето настојува за што поквалитетна организација и реализација на сите подрачја во сите воспитно образовни работа во училиштето. Согласно новонастаната ситуација со пондемијата со Ковид 19 директорот на училиштето ги превзема сите мерки согласно протоколите за успешно и безбедно отпочнување на училишната година. Работата на директорот се одвива низ различни подрачја во работата и функционирањето на училиштето. Работата на директорот е заснована врз следниве принципи: научност, интегралност, реалност, современост, селективност, рационализација, конкретизација и развојност.

Содржинските подрачја за работа на директорот се поделени во следниве подрачја:

1. Административно-организациско подрачје
2. Педагошко-инструктивно подрачје
3. Раководење со училиштето
4. Соработка со средината

За реализација на планираните активности со годишната програма за работа на директорот се води уредна педагошка евиденција и документација.

**1.Подрачје: Административно-организациски задачи**

- Распределба на задачи и задолженија на поедини носители: распределба на наставници по предмети и одделенија, стручни активи, одделенски раководства и други задолженија;
- Изработка на задолженија и формирање на комисии;
- Организација и учество во изработка на нормативни акти;
- Организација на попис на имотот, изработка на пресметки, завршна сметка и реализација на финансискиот план;
- Организирање, реконструкција и адаптација на училишниот простор;
- Набавка на основни средства;

- Донесување мерки за доведување иновации во целокупната работа на училиштето;
- Набавка на: безконтактен диспанзер за ПООУ с. Црешево, набавени се нагледни средства за потребите на наставата. Исто така набавени се и 5 принтери за потребите во прво и четврто одделение како и мултифункционален копир во боја во А3 и А4 формат за потребите на наставниот кадар. Набавена и и инвертор клима уред, како грејно тело во подрачното училиште во с. Раштак, канцелариски материјал и средства за хигиена, тековно одржување на ИКТ опремата;
- Осигурување на имот, осигурување на ученици и вработени;
- Следење и вршење увид во финансиското работење на училиштето;
- Други прашања од организациска проблематика и маријално-финансиски активности.

Со почетокот на учебната година од страна на директорот беше изготвен оперативен наставен план во согласност со позитивните законски прописи. Врз основа на тој план наставниците добија задолженија по предмети и паралелки и ја реализираа воспитно-образовната дејност. Во текот на учебната година се наметна и потреба од формирање на комисии за разни активности: комисија за спроведување на попис , комисија за јавни набавки, комисија за преглед на педагошка евиденција и документација.
За непречено отпочнување на учебната година, навремено беа извршени подготовки, со цел да се задоволат потребите за организација на наставата.. Во трите училишни објекти беа целосно организирани во начинот на работа и функционирање согласно протоколите и куќниот ред во училиштето. Во согласност со пропишаните протоколи обезбедени се дезинфекциони средсва, маски, набавени се нагледни средства и помагала согласно новата концепција за прво и четврто одделение и за потребите на наставата по другите наставни предмети. Исто така набавени се и 2 мултифункционални принтери за потребите на наставниот кадар. Се извррши санирање на постоечки ѕид од камена ѕидарија во училишниот двор кој е беше делимично обрушен , санација на постоечки потпорен кос бетонски ѕид и уредување на дел од училишниот двор со павер елементи. Се изврши уредување и реновирање на подрумската просторија во с. Булачани. Сите овие обновувања и набавки придонесоа за непречено започнување на учебната година во сосема сменети и оплеменети услови.

Во сите три училишни објекти беа превземени активности околу санација и подобрување на материјалните услови за непречено одвивање на воспитно – образовниот процес.

**2.Педагошко-инструктивно подрачје**

- Изработка на Годишна програма за работа на училиштето,
- Изработка на Програма за работа на директорот,
- Изработка на Годишна програма за работа на наставничкиот совет,
- Изработка на Годишна програма за работа на одделенскиот совет,

- Планирање и програмирањена увидите на редовната, дополнителната, додатната и изборната настава,
- Координирање и следење на работата при изготвување и реализација на распоредот на часови,
- Изработка на календар за работа на училиштето,
- Изготвување на проекти за санирање на приоритетни проблеми,
- Изготвување на План за професионален развој на наставниците,
- Учество во изработка на Програма за екскурзии,
- Планирање и следење на реализација на самоевалуацијата на училиштето,
- Учество на состаноци, советувања и семинари за директори.

Проектот Интеграција на еколошката едукација во воспитно – образовниот систем е имплементиран во наставата согласно барањата на истиот. Исто така се работеше на имплементирање на содржини од проектот Меѓуетничка интеграција во Македонскиот образовен систем. Одржаните часови во рамките на овие проекти беа посетени од страна на директорот,психологот и педагогот на училиштето со задолжително ажурирање на соодветната документација за тоа.

Како и секоја нова учебна година има нов наставен кадар на кого му е неопходна стручна помош и насоки во работата. За таа цел беа назначувани ментори на наставниците - приправници. Работата на менторите со наставниците – приправници се одвива во континуитет и истата е перманентно следена од страна на директорот и по потреба дадени се одредени препораки и сугестии од страна на директорот.

Во текот на оваа учебна година остварена е посета на часови на сите предметни и одделенски наставници. Со наставниците се водеше дискусија за унапредување на воспитно образовната работа и воведување на новитети. При посетите се користеше инструмент за следење на работата на наставниците.

Како една од посеопфатните и покомплицираните подрачја на работата следењето на воспитно-образовната работа и оваа учебна година се изведуваше континуирано од самиот почеток на учебната година низ:

- Следење на планирањата и подготовката на наставниците и стручниот соработник (следење на годишните, тематските и дневните планирања)
- Следење на работата на стручната служба, следење на работата на секретарот, домаќинот, сметководителот, техничкиот персонал;
- Планирање и подготовка на наставниците за реализација на настава;
- Посета на наставни часови;
- Следење, проверување и вреднување на успехот на учениците по класификациони периоди;
- Водење на соодветна евиденција и документација(протокали, евиденциони листови, анкетни листови);
- Следење на процесот на стручно усовршување на кадарот ( присуство на вебинари, семинари, вршење дисеминации, работилници по активи и сл);
- Учество во изработка на програмата за Меѓуетничка интеграција на образованието,,.
- Учество во изработка на програмата за ОХО проектот ;

- Учество во планирањата за проектот„Училишни градини – училница од иднината“;
- Учество во Отворениот ден на Граѓанско образование;
- Учество во работата на ученичкиот парламент;
- Водење професионално досие за психологот и педагогот на училиштето;
- Учество во водење на педагошки картон на наставниците;
- Укажување инструкции и континуирано следење на електронскиот дневник и ЕМИС во училиштето;
- Континуирано следење на електронскиот дневник, главните книги и целокупната педагошка документација.

**3. Подрачје: Раководење со училиштето**

- Застапување и претставување на училиштето,
- Спроведување на одлуките на органите на училиштетето,
- Следење и спроведување на плановите и програмите на наставниот кадар и стручниот соработник,
- Воведување на нова технологија и новитети,
- Организација, вреднување и надзор на работата на наставниот кадар,
- Следење на примена на ИКТ во наставата.

**Реализација на проекти**

Во текот на оваа учебна година во училиштето се реализираа следниве проекти:

- Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем,
- Меѓуетничка интеграција во образовниот систем.
- Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта
- „Училишни градини – училница од иднината“
- Градиме заедничка иднина – Проект на МИО во Општина Гази Баба

**4. Подрачје: Соработка со средината**

Во текот на оваа учебна година остварени се повеќе средби со родителите на различни нивоа поединечни, групни и колективни. Средбите се остваруваа по иницијатива на родителите, оделенските раководители и на директорот. Беше зголемена и соработката со Советот на родители. Директорот учествуваше на сите седници на Советот на родители на кои заеднички беа решавани одредени проблеми како и успешно беа спроведени повеќе акции во кои беше вклучен и директорот. Овој начин на соработка ќе продолжи и понатаму.

Завидна е соработката на директорот и со локалната самоуправа, МОН, БРО, невладини, Црвениот крст на општина Гази Баба, владини, културни и други институции. Како резултат на соработката со средината произлезени се бројни акции, предавања, натпревари, забавни игри во интерес на подобрување на работата на училиштето и надградување на личноста на ученикот во различни свери.

Училишниот одбор како орган на управување ги планираше и закажуваше своите седници со дневен ред кој произлегуваше од од потребите на

училиштето. Одлуките беа донесувани согласно законите. Директорот беше присутен на сите седници на УО.
Соработката со други воспитно – образовни институции надвор од училиштето се одвиваше во континуитет преку активна двонасочна комуникација со тенденција истата да се продлабочи.

**Вклученост на семејствата во училиштето**

Вклучувањето на семејствата и на заедницата во работата на училиштето е еден од главните елементи за постигнување подобри резултати на учениците, како и за поотворени и подемократски училишта. Тргнувајќи од заедничките интереси на училиштето и родителите, училиштето им овозможува на родителите да се организираат и да дадат свој придонес во:
- Согледување на вистинските потреби, состојби и проблеми во училиштето.
- Преку доброволно (волонтерско) ангажирање да се вклучат во реализација на различни училишни активности во следните подрачја од работата на училиштето: настава, воннаставни активности, грижа за здравјето на учениците, соработка со локалната заедница и да дадат свој придонес според нивните можности, способности и интереси
- Да им помагаат на наставниците во работата со учениците во училиницата и училиштето
- Да организираат и да даваат поддршка на различни училишни акции, манифестации, училишни презентации, кампањи и сл.
- Активно да учествуваат во решавањето на различни проблеми во училиштето
- Да учествуваат во донесување на важни одлуки во училиштето.

**Активности на Училишниот одбор**

Училишниот одбор при ООУ,,Наум Охридски,, с. Булачани го сочинуваат седум члена: претставници од Наставнички совет се три члена, претставници од совет на родители се три члена и еден претставник од Локална самоуправа.

Училишниот одбор во текот на учебната година се состануваше според потребите или барањата на училиштето. Првиот состанок од изминатата учебна година се одржа август 2021 година. На состаноците редовно присуствуваа членовите каде отворено дискутираа по дадени прашања давајќи свои предлози и мислења. Состаноците на Училишнопт одбор се одржуваа преку конференциската платформа ZOOM и со Физичко присуство во просториите на училиштето.

| **Реден број** | **Содржина на седницата-Дневен ред** | **Време на одржување** |
|---|---|---|
| **1.** | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница;<br>• Донесување Одлука за усвојување на Програмата за работа на Училишниот одбор;<br>• Информација за добиено Мислење за изведување ученички екскурзии и други слободни активности; | 23.07.2021 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Донесување Одлука и усвојување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/2022 година (Прилог во електронска форма Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2021/2022 година;<br>• Донесување Одлука за поддршка на вработените за посета на семинари и други форми на професионално унапредување на компетенциите;<br>• Информации за активности што се превземени во текот на летото;<br>• Предлози и прашања; | |
| 2. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница;<br>• Мислење на Училишниот одбор за избор на наставен кадар на определено работнон време –старо финансирање за учебната 2021/2022 година до 31.08.2022 година<br>• Предлози и прашања; | 03.08 2021 |
| 3. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница;<br>• Известување за решение за именување на Вршител на должност-директор во траење до 6 (шест)месеци;<br>• Известување по Објавен јавен оглас за ново финансирање;<br>• Донесување Статутарна Одлука за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места;<br>• Донесување Одлука за прераспределба на разрешен ВД директор Елизабета Андова на работно место-педагог;<br>• Донесување Одлука за прераспределба на Марина Миткова од работно место – педагог на работно место – одделенски наставник, за замена за ВД директор Биљана Белогаска.<br>• Донесување Одлука за формирање комисија за разгледување понуди за осигурување на основни средтсва(градежен дел и опрема)<br>• Предлози и прашања; | 27. 09.2021 |
| 4. | • Читање и усвојување на записникот од претходната седница Училишниот одбор;<br>• Разгледување на Извештајот со анализата на успехот и поведението на учениците од првиот квартал од учебната 2021/2022година;<br>• Донесување Одлука за вршење редовен годишен попис за 2021 година ;<br>• Донесување План за начинот и текот на извршување на годишениот попис за 2021;<br>• Донесување Одлука за Касов максимум за 2022;<br>• Донесување Одлука за користење на мобилни телефони | 19.11.2021 |

| | | |
|---|---|---|
| | за службена комуникација за 2022 година;<br>• Донесување Одлука за користење сопствено возило за службени цели и покривање на патни трошоци за службени цели со друг тип на превоз на било кој вработен во училиштето;<br>• Донесување Одлука за распишување на јавен оглас за наставник по физичко и здравствено образование за 6(шест) наставни часа и специјален едукатор и рехабилитатор врз основа на добиена согласност од МОН за ново финансирање на определено работно време;<br>• Донесување Одлука за распишување на јавен оглас за хигиеничар за помошно-техничка служба врз основа на добиена согласност од МОН за старо финансирање на неопределено работно време;<br>• Донесување Одлука за верификација на нови членови-претставници од Ученичкиот парламент во Училишен одбор на ООУ "Наум Охридски" с.Булачани-Скопје;<br>• Информации за спроведени активности во рамки на Проектитите кои се реализираат во училиштето;<br>• Информација за спроведени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | |
| 5. | • Читање и усвојување на записникот од претходната седница Училишниот одбор;<br>• Известување за добиено Решение за именување на Вршител на должност-директор во траење до 6 (шест) месеци<br>• Известување за донесување Одлука за прераспределба на разрешен ВД директор Биљана Белогаска на работно место –одделенски наставник<br>• Известување за донесување Одлука за прераспределба на Марина Миткова од работно место одделенски наставник на работно место педагог, за замена на ВД директор Елизабета Андова<br>• Изготвување Мислење од Училишен одбор до ВД директорот на училиштето за избор на специјален едукатор и рехабилитатор за вработување на определено работно време –ново финансирање за учебната 2021/2022 година до 31.08.2022 годин<br>• Давање мислење за Предлог-план за проектни активности во училиштето кои би се реализирале во текот на 2022 година;<br>• Предлози и прашања. | 02.12.2021 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница;<br>• Разгледување на Полугодишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2021/2022 година<br>• Известување за средствата со кои ќе располага училиштето во 2022 година;<br>• Усвојување на планот за јавни набавки;<br>• Донесување Одлука за објавување на јавен оглас за сликање на сите ученици и алманах за учениците од IX одделение;<br>• Донесување Одлука за формирање комисија за разгледување на понуди за сликање на сите ученици и алманах за учениците од IX одделение;<br>• Предлози и прашања | 28.01.2022 |
| 7. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница;<br>• Извештај од изработен попис на средствата и изворите за 2021 година;<br>• Донесување Одлука за дополнување на Статутот на ООУ,, Наум Охридски,, с. Булачани- Скопје;<br>• Предлози и прашања. | 07.02.2022 |
| 8. | • Читање и усвојување на записникот од претходната седница;<br>• .Извештај од приходи и расходи на жиро – сметките 777010396478710, 777010396490314 и 160010396460318 за 2021 година;<br>• Донесување Одлука за верификација на нов член-претставник од Општина Гази Баба во Училишниот одбор на ООУ ,,Наум Охридски,, с. Булачани 4.Предлози и прашања; | 24.02.2022 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница;<br>• Рзгледување на Квартален Извештај од третото тримесечие за учебната 2021/2022 година;<br>• Донесување Одлука за формирање комисија за прибирање на понуди на изведување на ученички екскурзи ,излети и настава во природа;<br>• Известување од комисијата за прибирање понуди за сликање на учениците од I до IX одделение и алманах за учениците од IX одделение;<br>• Донесување на Одлука за прифаќање на тимови за изработка на Самоевалуација на училиштето;<br>• Донесување на Одлука за формирање на училишна комисија за спроведување на Самоевалуација на училиштето;<br>• Донесување на Одлука за формирање на училишна комисија за изработка на Развојниот план на училиштето за 2022-2026 година;<br>• Донесување одлука за користење на стари учебници;<br>• Донесување на Одлука за формирање Комисија за користење на стари учебници,прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници во основно училиште;<br>• Донесување Одлука за прифаќање на критериумите за Пофалба на ученик за една учебна година и Критериумите за избор на првенец на генерација;<br>• Донесување Одлука за Тим за пофалби и награди;<br>• Информации за спроведени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | 29.04.2022 |
| 10. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница;<br>• Донесување Одлука за распишување јавен оглас за Директорна ООУ,, Наум Охридски,, с. Булачани- Скопје;<br>• Избор на комисија за разгледување на пристигнатите документи на кандидати за директор на ООУ,, Наум Охридски,, с. Булачани- Скопје;<br>• Усвојување на Одлуката за дополнување и измена на Статутот;<br>• Предлози и прашања. | 05.05.2022 |
| | • Читање и усвојување на Записник од претходната седница на УО.<br>• Читање и усвојување на Записник од Комисијата за разгледување на документи на пријавени кандидати по оглас за избор на директор на училиште.<br>• Спроведување на интервју од страна на Училишниот одбор и советникот од БРО, г-ѓа Гордана Јанакиевска со кандидатката која ги исполнува условите по објавениот оглас за директор на ООУ„ Наум Охридски„ с. Булачани-Скопје.<br>• Формирање на Предлог-мислење за кандидатот за директор на ООУ„ Наум Охридски„ с. Булачани-Скопје до Градоначалникот на Општина Гази Баба.<br>• Предлози и прашања. | 20.05.2022 |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница,<br>• Известување на Училишниот одбор по добиено решение за директор во ООУ,, Наум Охридски,,<br>• Мислење за прием на вработени на определено работно време до 31.08.2022 година;<br>• Предлози и прашања. | 03.06.2022 |
| 12. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница,<br>• Донесување Одлука за висина на наградата за ученик на генерација и ученици со одличен и континуиран одличен успех за учениците од IX одделение;<br>• Донесување Одлука за првенец на генерација 2013-2022;<br>• Предлози и прашања. | 09.06.2022 |
| 13. | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница,<br>• Донесување Одлука за формирање на стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето за учебната 2022/2023 година;<br>• Донесување Одлука најдобро одделение за учебната 2021/2022 година<br>• Донесување Одлука за Формирање тим за изработка на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година<br>• Информација за изборни предмети кој ќе се изучуваат во учебната 2022/2023 година;<br>• Информација за запишани првачиња во учебната 2022/2023 година;<br>• Предлози и прашања | 14.06.2022 |

**Претседател на Училишен одбор - Сања Петрушевска**

**Активности на Советот на родители**

Советот на родители во текот на учебната година се состануваше според потребите или барањата на училиштето. Првиот состанок од изминатата учебна година се одржа септември. На состаноците редовно присуствуваа членовите каде отворено дискутираа по дадени прашања давајќи свои предлози и мислења. Состаноците на Советот на родители се одржуваа преку конференциската платформа ZOOM и со физичко присуство во просториите во училиштето+.

| **Реден број** | **Содржина на седницата-Дневен ред** | **Време на одржување** |
|---|---|---|
| **1.** | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница;<br>• Донесување Одлука за усвојување на Програмата за работа на Советот на родители;<br>• Давање Мислење за усвојување на предлог Годишната | 28.07.2021 |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | програма за работа на училиштето за учебната 2021/2022 година;<br>• Давање Мислење за Програмата за изведување ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2021/2022 година;<br>• Информации за превземени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања; | |
| **2.** | • Читање и усвојување на записникот од претходната седница;<br>• Усвојување на Деловникот за работа на Советот на родители;<br>• Усвојување на Годишната програма за работа на Советот на родители;<br>• Коптирање на нови членови во Советот на родители;<br>• Верификација на преставници од Ученичкиот парламент за во Совет на родители;<br>• Информација за начинот на организација на наставата во учебната 2021/2022 година;<br>• Запознавање со План за одржување настава во основните училиштата во учебната 2021/22 година во услови на Ковид 19;<br>• Запознавање со Протоколите за постапување во ООУ,, Наум Охридски,, с. Булачани Скопје и ПООУ во с. Црешево и с. Раштак за реализација на воспито-обрзовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2021/2022 година во услови на Ковид 19;<br>• Информација за моменталната состојба во училиштето со Ковид 19;<br>• Информација за добиените учебници;<br>• Информации за користење дополнителна литература;<br>• Комисија за разгледување на документи за осигурување на учениците;<br>• Информација за спроведени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | 21.09.2021 |
| **3.** | • Читање и усвојување на записникот од претходната седница;<br>• Коптирање на нов член во Советот на родители;<br>• Разгледување на успехот и поведението на учениците во првата половина од првото полугодие од учебната 2021/2022 година;<br>• Информација за отворен ден на Грѓанско образование;<br>• Информција за состојбите во училиштето поврзани со Ковид 19;<br>• Информација за спроведени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | 03.12.2021 |
| **4.** | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница;<br>• Разгледување на успехот и поведението на учениците на | 27.01.2022 |

| | | |
|---|---|---|
| | крајот од првото полугодие од учебната 2021/2022г;<br>• Делегирање на членови од Советот на родители за во комисијата за разгледување на понуди за сликање на сите ученици и изработка на алманах за учениците од IX одделение;<br>• Известување за средствата со кои ќе располага училиштето во 2022 година;<br>• Запознавање со Планот за јавни набавки за 2022 година;<br>• Информации за спроведени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања | |
| **5.** | • Читање и усвојување на записникот од претходната седница;<br>• Рзгледување на Квартален Извештај од третото тримесечие за учебната 2021/2022 година;<br>• Извештај од спроведените регионални и општински натпревари по математика, географија, француски јазик, природни науки и биологија;<br>• Известување од комисијата за прибирање понуди за сликање на учениците од I до IX одделение и алманах за учениците од IX одделение;<br>• Избор на членови и претседател од Советот на родители во Комисија за прибирање на понуди за изведување на ученички екскурзи ,излети и настава во природа;<br>• Избор на членови од Советот на родители за во училишна комисија за спроведување на планот за самоевалуација во училиштето за 2020-2022 година;<br>• Избор на членови од Советот на родители за во комисија за изработка на развојната програма на училиштето за 2022-2026 година;<br>• Информација за спроведените активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | 29.04.2022 |
| | • Читање и усвојување на Записникот од претходната седница;<br>• Разгледување и расправа на Годишниот извештај за работа на училиштето во учебната 2021/2022 година;<br>• Разгледување на Годишниот извештај од работата на Советот на родители за учебната 2021/2022 година;<br>• Запознавање со извештајот од извршената самоевалуацијана училиштето за 2020-2022 година;<br>• Запознавање со Финансовиот план за 2022 година;<br>• Информација за изработка на Годишната програма на Советот на родители;<br>• Информација од враќањето на учебниците;<br>• Информација за изборни предмети кој ќе се изучуваат во учебната 2022/2023 година;<br>• Информација за запишани првачиња во учебната 2022/2023 година;<br>• Информација за отворање на дневен престој;<br>• Информации за превземени активности во училиштето;<br>• Предлози и прашања. | 05.07.2022 |

**Претседател на Совет на родители**
**Павлина Трајковска**

## Заклучоци и согледувања на состојбите и унапредување на дејноста

Имајќи ја предвид целокупната ситуација во наредниот период наставата ќе продолжи да се одвива со физичко присуство за сите ученици од прво до деветто одделение. Наставниците ќе продолжат како средства за електронска комуникација и понатаму да ги користат: e-mail, viber, и messenger. Наставниците ќе продолжат да ги користат понудените платформи: Microsoft Teams како и едукативни софтвери ЕДУИНО, Едукативна програма “ТВ училница“ на МРТВ, МОН и БРО**.**

Наставниците ќе ја продолжат интеракциската комуниција со учениците и нивните родители давајќи повратни информации за нивните постигања, како и поддршка и помош во учењето.

Тимот за поддршка и следење на реализацијата на наставата ќе продолжи да биде во постојана комуникација и соработка со наставниците, Советот на родители, Училишниот одбор, општината, БРО и МОН, со цел успешно остварување на воспитно образовниот процес. Сите наставници ги посетуваа сите планирани вебинари организирани од МОН и БРО и од УСАИД кои ќе придонесат за изведување на поквалитетен воспитно – образовен процес.

Во прибирањето информации за овој извештај учествуваа сите училишни тимови формирани од Наставничкиот совет, а наведени во Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2021/2022 година. Извештајот беше утврден на седница на Наставничкиот совет и истиот е предложен до Училишниот одбор.

Изготвиле: стручните соработници

Елизабета Синделиева -психолог
Марина Миткова - педагог

Директор

__________________

М-р Елизабета Андова